**Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - ФИЛОЛОГИЈА, култура И образование**

# КВАЛИТЕТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И РУРАЛНАТА СРЕДИНА


- Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска

- ***Што подразбираме под поимот квалитетно образование?***
- ***Кои се основните карактеристики на квалитетното образование?***
- ***Дали квалитетното образование значи образование за сите и во сите социјални средини, вклучувајќи ја и руралната средина***
- ***Како до квалитетно образование во руралната средина?***
- ***Кој се треба да се вклучи во заложбите за квалитетно образование во руралните средини?***

- *“Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им овозможува на децата, младите и возрасните моќ, критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот развој.”* ***( ЕФА, УНЕСКО)***

## *ШТО Е ТОА КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ?*

- Квалитет- термин кој има релативно значење. Својство, особина, врлина, вредност, добра особина
- Аристотел - квалитет на нешто или квалитет од нешто.
- „ *Квалитетно образование е  она образование кое ги задоволува образовните (развојните) потреби на неговите корисници, односно она образование кое е по мерка на корисниците. На него влијаат мноштво на фактори како што се: средината, традицијата, условите во кои се реализира воспитно-образовниот процес, стручната компетентност на наставниците*

- Квалитетот на образованието главно се фокусира на:
- влезните услови  ресурси, цели,
- квалитет на работата на наставникот, карактеристики на учениците;
- процесите;
- квалитетот на работа на наставникот е директно поврзан со квалитетот на училиштето, квалитетот на програмите, квалитетот на наставата, квалитет на поучување, како и резултатите - постигањата, ставови и аспирации -според (Oakes J., Educational indicators, a guide for policy makers)

# ШЕСТ ДИМЕНЗИИ НА КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

„Училиште по мерка на детето“-ДИМЕНЗИИ:

- инклузивност
- ефективност
- здравје, безбедност и продуктивна училишна средина
- родова еднаквост
- учество и активна партиципација на сите чинители во животот и работата на училиштето и средината
- почитување на правата на децата и мултикултурализам

- „Сите деца, богати и сиромашни, машки и женски, од село или град, треба да посетуваат училиште“ (Јан Амос Коменски)
- процес на децентрализацијата т.е. редистрибуција на одговорностите за главните образовни прашања
- одговорноста за обезбедување на услови за повисок квалитет во согласност со националните стандарди за квалитет во образованието
- *анализа која се однесува на имплементираноста на овие димензии на квалитетното образование во различни средини, рурална и урбана*

# ИНКЛУЗИВНОСТ

- *еднаква достапност и вклученост на сите деца во училиште – сите деца, без оглед на нивното потекло или способности, посетуваат училиште*
- *рамноправност меѓу сите деца во процесот на учењето – на сите деца, без оглед на нивното потекло или способности, им се обезбедуваат еднакви можности да учествуваат во наставниот процес и да научат*
- *рамноправност меѓу сите деца во нивоата на постигање – на сите деца, без оглед на нивното потекло или способности, им се овозможува да го достигнат својот максимум во постигањата*

- Бројни меѓународни документи - *Конвенцијата за права на детето, Милениумските цели за развој на образованието, документацијата која произлезе од движењето Образование за сите, документацијата од конференциите во Саламанка, Шпанија, Дакар,*

- *Национална програма за развој на образованието* воспоставување на баланс во поглед на разликите кои постојат помеѓу урбаните и руралните средини, развиените и неразвиените општини, баланс во поглед на квалитетот на ангажираниот наставен кадар, условите за учење, адекватноста на инфраструктурата.

# Каква е ситуацијата?

- **осипување на број на деца во урбаните и руралните средини** (мигрирање, намален наталитет-карактеристика за урбаните средини, ангажираност на децата со работни обврски за потребите на семејствата и во руралните и во урбаните средини
- помала опфатеност на децата од женскиот пол – рурална средина
- незначителен опфат на децата со пречки во развојот во руралната средина (причини - неповолната социо-економска положба на семејствата од кои потекнуваат децата, необезбедениот пристап до училиштето за деца со пречки во развојот како и демотивираноста и традиционализмот во третманот на овие деца „социјализација“ само во рамки на семејството)

# ЕФЕКТИВНОСТ

- 1. зголемени академски постигања - децата постигнуваат најмногу што можат
- 2. употреба на иновативни методи, насочени кон учење на детето - децата учат со разбирање, во мотивирачка средина и во согласност на сопствените потенцијали
- 3. доволно време за учење и поучување - престојот во училиштето децата го користат за развој на индивидуалните потенцијали
- 4. зголемена/подобрена редовност на децата во училиште, ниска до непостоечка стапка на повторување и осипување
- 5. зголемена/подобрена компетентност и одговорност на наставникот - училиштето создава услови, подржува индивидуални иницијативи и се грижи за професионалниот развој и напредувањето на наставниците

# Каква е ситуацијата?

- Проектни активности: Чекор по чекор, Активна настава-интерактивно учење, Приоди кон визуелно размислување, Со читање и пишување до критичко мислење, Креативна настава
- недоволна поддршка на проектните зафати;
- индивидуалните заложби на наставникот, не постои голема мотивираност, едноставно се јавува проблемот на неодржливост.
- Причините бројни: неповолни материјални услови, недостаток од финансиски средства, презафатеност со административни обврски, комбинирани паралелки, недоволна комуникација, соработка, тимска работа,..
- недостаток од наставници од етничките групи или пак вработување на лица кои го познаваат јазикот, но се со несоодветно образование: завршено средно или недовршено високо образование.
- Индивидуалните постигања се следат дисконтинуирано и без развиени модели на следење на развој и напредување. Причина недоволна методичка подготвеност, немотивираност за изработка на ИОП..

# Здравје, безбедност и заштита

- Постојат политики и процедури за здравјето на децата и за безбедност и заштита во училиште.
- Училишната инфраструктура е здрава и безбедна.
- Училишната средина нуди психосоцијална поддршка.
- Постои здравствена едукација.
- Постои образование за животни вештини.
- Здравствени услуги на ниво на училиште постојат.
- Постои проактивна соработка меѓу училиштето, заедницата и здравствените институции.

# Каква е ситуацијата?

- Милениумските развојни цели - унапредување на едукацијата и проширување на пристапот до информации и сервиси за сексуално и репродуктивно здравје (познавања и вештини за заштита од ХИВ/СИДА).
- Националната програма за развој на образованието во Република Македонија - промовирање на ефективно училиште од аспект на здравјето и добросостојбата на децата
- ПРОЕКТИ
- **Слична ситуација и во рурална и во урбана средина**
- Систематски прегледи - сколиози, кифози, појава на кариес; појава на различни облици на нарушено однесување, употреба на алкохол, тутун во повисоките одделенија од основното образование и сл.

# РОДОВА СЕНЗИТИВНОСТ

- 
- 1. еднаков пристап при запишувањето и завршувањето на училиште за девојчињата и момчињата
- 2. еднаквост на момчињата и девојчињата во процесот на учење
- 3. еднаква можност за постигнувања во учењето на девојчињата и момчињата (реализација на нивниот целосен потенцијал)

- Милениумските цели за развој на образованието преку поставување на конкретна цел т.е. "елиминирање на родовите диспаритети во основното и во средното образование, ако е можно до 2005, а на сите нивоа на образование до 2015 година
- 

# Каква е ситуацијата?

- Основно образование -еднаков пристап и на машките и на женските деца во конретно посочениот период.
- Во градската средина забележлив е родов диспаритет посебно кај децата припадници на етничката група Роми
- Во руралните средини, во основните училишта подеднакво се застапени припадниците од двата пола
- Средно образование - редовно го посетуваат учениците од машкиот пол, значи постои родов диспаритет, за сметка на девојчињата-нивна ангажираност во домашните работи, стапување во брак.

# ПАРТИЦИПАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ, СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

- активната партиципација на учениците семејството и заедницата за зајакнување на училиштето, поддршката, заштитата на учениците.
- градење партнерства меѓу училиштето и родителите во политиката на менаџментот и во развојот и заштитата на учениците.
- градење партнерства меѓу локалната самоуправа и училиштата
- Националната програма за развој на образованието - активната улога на учениците во градењето на животот во училиштето.
- Проекти - Европска мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето во Република Македонија, Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на ОУ и на работата на стручните работници; Граѓанско образование

# Каква е ситуацијата?

- Рурална, урбана средина, сличности
- квалитет и содржина на соработка, констатирана слабост и во руралната и во градската средина;
- мала улога на Совет на родители - најчесто пасивен примач на информации за успех, поведение или барања поставени од страна на училиштето-финансиски се значителни (рурална и градска средина);
- немање на доволна партиципација на учениците во донесување на одлуки..
- ...

# ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ

- Конвенција за човекови права
- Конвенција за права на детето
- Национална програма за развој на образованието, ... предвидуваат почитување на правата на детето: право на игра, право на образование, говор, ...
- **“ Една од целите и задачите на образованието во периодот 2005-2015 е развој на личноста преку „запознавање, разбирање и почитување на туѓите култури на национално и интернационално рамниште...“.**
- Имам право
- Ние народот проект граѓанин
- Граѓанско образование
-

# КАКВА Е СИТУАЦИЈАТА?

- Рурална, урбана средина

- Се работи на на почитување на културолошкиот идентитет на сите ученици во државата, промовирање на правото на образование на децата, на негување на муктикултурализмот и интеркултурализмот во образовната средина (градска, рурална), со цел постигнување на активно и целосно учество во општеството.

- Богатата културолошка разновидност се користи и е составен дел на образовната политика сега, веруваме и во иднина

# ПРЕДЛОЗИ

- посистемска координација на програмските зафати за создавање на услови кои ќе значат чекор напред во остварување на посочените димензии на квалитетното образование.
- зајакнување на капацитетите на наставниците за работа во мултиетничка, инклузивна средина, влог во нивниот професионален развој,
- јакнење на соработката со семејствата, јакнење на интеракцијата и комуникацијата со учениците не само во наставата но и имплементацијата и реализацијата на воннаставните активности;
- перманентни едукациии во областа здравје; здрав начин на живеење, репродуктивно здравје, меѓуетничката толеранција, мирно разрешувањето на конфликти, тренинзи за родова сензитивност
- Осовременување на наставните планови, учебници, содржини...

- *„Никогаш не застанувај, чекорот напред може да Те води кон нови и нови победи“*

- БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО